Архивски број: 08-279/ 6

15-10- 2026 година

Постапувајќи по претставката бр.08-279/1 од 06.03.2026 година, поднесена од ---------- против ----------врз основа на место на живеење во областа на социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното:

М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на место на живеење во областа на социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита од страна на ----------, кон ----------и кон другите лица кои пензијата ја примаат во странство.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Комисијата) поднесена е претставка од страна на ----------кој е пензионер кој ја прима пензија од ---------- во странска држава при што наведува дека пензијата ја прима квартално, односно пензијата за јануари, февруари и март се пресметува до 16 април и се исплаќа после 1 мај. Истовремено наведува дека со овој проблем се соочуваат сите пензионери кои пензијата ја примаат во странство.

Комисијата со барање бр.08-279/2 од 06.04.2026 и ургенција бр.08-279/4 од 28.05.2026 година, се обрати до ----------со барање за произнесување по наводите дека на македонските пензионери кои живеат во странство, пензијата им се исплаќа со поголемо задоцнување од периодот на исплата на пензионерите кои живеат во Република Северна Македонија.

Во доставениот одговор бр.08-279/5 од 07.08.2026 година, ---------- наведува дека во конкретниот случај , начинот на исплата на пензиите на корисниците кои живеат во странство, односно исплата на квартално ниво (еднаш на три месеци), претставува затекната практика која непрекинато се применува повеќе од 50 години, уште од периодот на поранешна СФР Југославија. За начинот и динамиката на исплата на пензиите во странство не е донесен посебен акт со кој се уредува кварталната

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

исплата, туку истата произлегува од долгогодишната административна практика на Фондот, воспоставена во услови на тогашниот систем на меѓународен платен промет. Во одговорот понатаму се наведува дека вака воспоставениот начин на исплата е задржан и континуирано се применува во работењето на ---------- се до создавањето на услови за негово изменување. Меѓутоа, кога станува збор за исплата на пензии на корисници кои живеат во одделни странски држави, техничката и практичната реализација на исплатата била условена од начинот на извршување на меѓународниот платен промет, како и од високите банкарски провизии за прекугранични трансакции. Поради значителните трошоци за секоја поединечна трансакција, а по согласност и на барање на корисниците на пензија, во одредени случаи исплатата се вршела квартално, односно еднаш на три месеци, со цел рационално користење на средствата и намалување на административните и банкарските трошоци. Од ---------- наведуваат дека со целосното приклучување кон Единствената област за плаќања во евра SEPA преку Народна банка на РСМ, создадени се услови за значително поефикасно, поекономично и побрзо извршување на прекуграничните плаќања во евра. Намалените провизии, пократките рокови за обработка на трансакциите и примената на усогласени правила за извршување на плаќањата овозможуваат меѓународните исплати да се реализираат под услови кои во голема мера се изедначени со домашниот платен промет. На тој начин значително се намалуваат трошоците за исплата на пензии во странство и се надминуваат причините поради кои претходно, во одделни случаи, се применувала квартална исплата. Истовремено, наведуваат дека корисниците на пензија во државите опфатени со SEPA ќе можат своите средства да ги добиваат побрзо, поредовно и со значително пониски трошоци, додека административните постапки ќе бидат поедноставени, а ефикасноста на исплатите дополнително унапредена. Оттука, сметаат дека пристапувањето кон SEPA создава реални предуслови исплатата на пензиите на корисниците во државите опфатени со овој систем да се врши на месечно ниво, во согласност со месечниот карактер на правото на пензија утврден со Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Со тоа сметаат дека ќе се обезбедат поголема редовност и навременост на исплатите, еднаков третман на корисниците во земјата и странство, како и поекономично и поефикасно управување со средствата на ----------.

Од наводите во претставката, доставената документација и изјаснувањето на ----------, Комисијата утврди дека подносителот на претставката, како корисник на пензија кој живее во странство, пензијата ја прима на квартално ниво, односно еднаш на три месеци, при што постои временски период од пресметката на пензијата до нејзината фактичка исплата. Истовремено, корисниците на пензија кои живеат во Република Северна Македонија пензијата ја добиваат на месечно ниво, како што е утврдено Законот за пензиско и инвалидско осигурување. На тој начин, корисниците на пензија кои живеат во странство се ставени во понеповолна положба во однос на корисниците на пензија кои живеат во државата, иако и едните и другите се корисници на исто право – право на пензија остварено согласно постојните законски прописи.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Имено , во член 141од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2012) е утврдено:

(1) Пензијата и другите парични надоместоци се утврдуваат во месечен износ и се исплатуваат наназад.

(2) Корисникот на пензија или на паричен надоместок може да овласти друго лице кое во негово име ќе ја прима пензијата или паричниот надоместок.

(3) По барање на Фондот, корисникот на пензија или паричен надоместок е должен да достави потврда за живот издадена од Фондот.

(4) Фондот му обезбедува на корисникот исплата на износите што му припаѓаат според овој закон во случаите кога корисникот има живеалиште надвор од територијата на Република Македонија под услови предвидени со овој закон, со ратификуван меѓународен договор или ако постои реципроцитет.

Комисијата при оценувањето на случајот го имаше предвид фактот дека правото на пензија не се менува во зависност од местото на живеење на корисникот. Фактот што корисникот на пензија живее во странство не ја менува природата на неговото право на пензија, ниту го ослободува ---------- од обврската правото да го обезбедува на начин со кој ќе се почитува принципот на еднаков третман.

Од изјаснувањето на ---------- произлегува дека кварталната исплата на пензиите на корисниците кои живеат во странство не е заснована на посебен акт со кој е нормативно уредено дека овие корисници имаат право на исплата еднаш на три месеци. ---------- не навел правен пропис со кој е утврдена квартална исплата, туку само административна практика, што не може сама по себе да биде доволна правна основа за ограничување на еднаквото користење на правото. Напротив, ---------- наведува дека станува збор за „затекната практика“ која непрекинато се применува повеќе од 50 години и дека не е донесен посебен акт со кој се уредува кварталната исплата---------- како причина за кварталната исплата ги наведува специфичностите на меѓународниот платен промет, високите банкарски провизии и административните трошоци за прекуграничните трансакции. Меѓутоа, Комисијата оцени дека наведените околности не можат сами по себе да го оправдаат понеповолниот третман на цела група корисници на пензија.

Во конкретниот случај, Комисијата не најде доволно оправдување за примената на кварталниот начин на исплата, особено имајќи го предвид фактот што ---------- во своето изјаснување наведува дека со создавањето на услови за поефикасно прекугранично плаќање, преку приклучувањето кон Единствената област за плаќања во евра (SEPA), се овозможени пониски трошоци, пократки рокови за обработка на трансакциите и поедноставени правила за прекуграничните плаќања. ----------дури

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

наведува дека со тоа се создаваат реални предуслови пензиите на корисниците во државите опфатени со SEPA да се исплаќаат на месечно ниво.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.

Оттука, Комисијата утврди дека постои различно и понеповолно постапување кон подносителот во однос на корисниците на пензија кои живеат во Република Северна Македонија, кое не е доволно оправдано со легитимна цел и со средства кои се соодветни и неопходни за постигнување на таа цел. При тоа, подносителот не е индивидуално издвоен од останатите корисници кои се наоѓаат во иста положба, туку различниот третман се однесува на цела група корисници на пензија кои живеат во странство.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната

П Р Е П О Р А К А

СЕ ПРЕПОРАЧУВА на ----------во рок од 180 дена од приемот на ова мислење да **преземе мерки за отстранување на утврденото дискриминаторско постапување** кон корисниците на пензија кои живеат во странство, со воспоставување на еднаква и навремена динамика на исплата на пензиите како и исплата на корисниците на пензија кои живеат во Северна Македонија, согласно важечките прописи и техничките можности за реализација на плаќањата.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доколку ----------не постапи согласно оваа препорака во дадениот рок, Комисијата согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Претседател,
Душан Томшиќ

Доставено до:
-подносителот

-архива

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk